

# Пионер на предвоената македонска уметност

*Неодамна, во издание на „Македонска книга„ излезе од печат монографијата „Василие Поповиќ-Цицо„ од д-р Борис Петковски*

Во историјата на современата македонска ликовна и применета уметност, Василие Поповиќ-Цицо (1914-1962) зазема специфично место, како резултат на творечките подрачја во кои се искажувал, на неговата пионерска улога во неколку области, а особено во карикатурата и сценографијата, како и на сериозноста на резултатите што во секоја од нив ги има постигнато. Со оваа монографија, авторот Борис Петковски настојува од сегашна дистанца да ги определи суштествените аспекти од дејствувањето на уметникот во нашата култура.

Пристапот кон творештвото на Василие Поповиќ-Цицо во последната книга е сосема поинаков од првата монографска студија од истиот автор, објавена 1972/73 г. По темелното прегледување на сите познати јавни збирки: галериски, музејски, на различни установи и здруженија и многу приватни колекции, пред се, на семејството Поповиќ, за прв пат со оваа монографија се согледува обемот, видовите на ангажманот, естетските определби и ликовните одлики на творештвото на Василие Поповиќ.

Неговиот придонес за дотогашниот развиток на македонската уметност на ова столетие е неодминлив и специфичен - во карикатурата, акварелот, цртежот, илустрациите на книгите и, конечно, во сценографијата.

Монографијата е насочена кон самиот уметник и кон областите во кои дејствувал, како и кон врската со творештвото на другите автори од неговата генерација, кои, всушност, одамна ја „проектирале„ потребата за ова издание. Делото ја претставува разновидната творечка ангажираност на Василие Поповиќ-Цицо и од него треба да произлезат показателите за оцена на неговата вистинска улога и придонес во развојот на македонската визуелна култура на овој век. Цицо е дел од пионерската генерација предвоени македонски уметници. Тие епохални околности од една страна биле неповолни (национално, политички и социјално Македонија била поробена), од друга страна и потикнувачки и занесни (особено во времето кога Цицо бил во единиците на НОБ). Карикатурите на Цицо од тоа време предизвикуваат жесток цинизам и најчесто саркастични опсервации на ликовите кои ги цртал.

Добитник е на повеќе награди меѓу кои позначајни се: награда за уметничка работа од Владата на НР Македонија, републичка награда за сценографија, во Пула „Златна арена„ за сценографијата на филмот „Мис Стон„, Октомвриска награда за политичка карикатура, Октомвриска награда за сценографијата на „Крвави свадби„ од Лорка, одликуван е и со медал „Заслуги за народ„ за развојот на македонската култура.

**Ивана Тасев**